Трајан ПАНЕВ

**УДК: 304(100):355.1**

# ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА – ПЛАНЕТАРЕН ПРОЦЕС И СИЛА КОЈА ГИ ОБЛИКУВА СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ И БЕЗБЕДНОСТА

## ВОВЕД

На почетокот на новиот век, современиот свет го карактеризираат три битни елементи: Прво, тоа е научно-техничката револуција, која стана основна движечка сила на новиот развој изразен во економските и политичките интеграции и материјална основа за настанување на „светско општество", односно „глобален поредок", изразено со поимот глобализација на светот.[1] На тие основи се темели и стратегијата на доминација на развиените земји и големите сили за создавање на свет по мерка на нивните интереси. Ваквите тенденции своја силна идеолошка поткрепа добија во мислењата на некои западни теоретичари, во кои посебно место зазема нивниот најистакнат претставник, контроверзниот американски универзитетски професор Френсис Фукојама, кој ја лансираше прочуе-

[1] Глобализацијата, како секој голем социјален процес, кој долго трае и се обновува во проширени размери, создава свои структури и јасни творби, кои наизменично ги викаме „светски систем", „глобален поредок", „светско општество", иако од строго социолошко гледиште тие се разликуваат (М. Печујлиќ, 2002.)

„Светскиот систем" постои кога повеќе држави на суштествен начин влијаат на меѓусебните одлуки, и ги присилуваат нив да се однесуваат како делови на една целина, односно систем. Слична творба претставува и „глобалниот поредок" кој, меѓутоа, во својот фокус ги поставува институциите, оставајќи ги во втор план социјалните процеси и групи. „Светското општество" постои кога државите во рамките на еден интернационализиран систем имаат заеднички интереси и вредности, кога ги обврзуваат заедничките правила, кога учествуваат во работата на заедничките институции и имаат заедничка култура или цивилизација" (Х. Бул, 1997). Современиот свет претставува мошне развиен „светски систем" или „глобален поредок" во раѓање, но во најдобар случај, засега само се манифестираат ембрионите на „светското општество" (С. Хантингтон, 1996).

ната теза „за крајот на историјата". Овој идеолог на неолиберализмот и неоимперијалистичкото поимање на светот, се обидува да создаде теорија за нестанување на сѐ она што со векови го создавале човечките цивилизации, при што „крајот на историјата" го поврзува со нестанувањето на блоковската поделба на светот и доминацијата на испробаниот и успешен, според него, либерален капиталистички систем, во кој пазарната економија и либералната демократија претставуваат негови основни потпорни точки. Секако, на таа основа настанува и доминацијата на Америка како економска и воена супер сила на либералниот свет. Според В. Мичовиќ, кој нашироко го елаборира овој феномен, ваквата Фукојамова теориска конструкција нема никакво научно втемелување, бидејќи историјата на човечкиот род и човечката цивилизација, која постои во своето бесконечно траење, ја демантира неа.[2] Имено, гледано во тој контекст, човечката цивилизација во разните времиња и општествени прилики, постојано се менувала и секој нејзин период имал свои особености, но секогаш останувала во континуитет кој не можел да се прекинува, туку само можела да биде продолжена во зависност од објективните општествени околности и можностите и способностите на човекот и општеството да влијаат на нејзините текови. Во таа смисла можеме да констатираме дека времето кое доаѓа ќе покаже дали во светот ќе преовладее и завладее пазарната економија и либералната демократија како основни потпорни точки на Фукојамовата идеологија, или светот ќе биде помалку униформен, со повеќе различни содржини и богатство на идеи и системи кои ќе одговараат на неговите потреби, а кои не треба да бидат спротивставени и да се судираат, а уште помалку да претставуваат крај на човечката историја, како што тврди Фукојама. Меѓутоа, едно е сигурно, сегашната епоха на плурализмот – епоха во која живееме, за разлика од претходната епоха на затворени општества, е многу поотво-

[2] За критиката на Фукојамовата теорија за „крајот на историјата", види пошироко кај В. Мичовиќ, „Глобализација и нови светски поредак", Чигоја штампа, Београд, стр. 13-15.

рена и во себе носи различни процеси, кои содржат можност за радикални промени, како во начинот на животот на луѓето, така и во ориентацијата на државите во насока на можно еволутивно изградување на еден нов систем на меѓународни политички и економски односи, но истовремено и процеси и тенденции кон доминација и насилна експанзија што би водело и кон судири и конфликти од различен вид, што сето тоа наместо меѓузависен, органски поврзан свет би создало зависен свет и поредок поделен на два пола: богат „центар“ и сиромашна „периферија“, која трајно и без некоја надеж би останала во кругот на неразвиените.

Втора битна карактеристика на нашето време претставува стратегијата на доминација на развиените земји, на чие чело се наоѓаат САД, чии стремежи се насочени кон освојување на светот под изговор за глобализација, како негова објективна нужност и неминовност. Третата карактеристика содржана е во фактот дека најголемите светски сили забрзано се снабдуваат со некои досега недоволно познати оружја во една широка палета на видови – од класично и нуклеарно до хемиско и биолошко, чии деструктивни и убиствени можности практично се и немерливи.

## 1. Глобализацијата – објективен и нужен планетарен процес или проект за доминација на Западот и американизација на светот

Ако би барале некој поим кој го симболизира духот на нашето време, односно збор кој кружи насекаде околу нас, обележувајќи ја така најмоќната сила на денешницата, која го обликува животот на современиот свет, тоа секако е поимот „глобализација“, настанување на „светско општество“. Во последно време, поимањето на глобализацијата, нејзиниот карактер и еднонасочноста во нејзиното остварување, е поле на

страстни спорови и големи теоретски несогласувања меѓу спротивставените струи и мислења.[3]

Во историјата на човечката цивилизација не се непознати идеите на универзализација на светот и односите во него. Таквите замисли се раѓале уште за време на еврејско-христијанската цивилизација и религиозно-идејните движења, а пред тоа, како што наведуваат одделни автори, се јавувале во главите на творците на моќните империи и држави.[4] Проблемот, како што потенцираат противниците (скептиците) на глобализацијата, не е во самата идеја како таква и нејзината материјализација во практиката, туку во тоа, по кој пат и на каков начин (демократски или репресивен) да се дојде до неизбежното поврзување и обединување на светот. Инаку, во најширока смисла на зборот, под **глобализација** подразбираме претстава за еден свет на земјината планета, свет кој е меѓусебно поврзан, чии делови (држави), региони и пошироки подрачја

---

[3] Околу глобализацијата како процес, нејзиното поимање и карактер постојат силни спорења и големи теоретски несогласувања и судири меѓу спротивставените струи и мислења. Додека за едни глобализацијата претставува историска нужност и неизбежност, за други таа е само еден мит, односно степен на меѓусебна поврзаност на државите на ниво освоено пред I-та светска војна. Ако за едни глобализацијата е објективен и спонтан планетарен процесс, за другите таа е исклучиво проект за доминација на Западот, односно американизација на светот. Додека за една струја на мислење таа значи конвергенција и интеграција на светот, создавање на глобална економија и космополитска култура, за другите таа неизбежно предизвикува фрагментација, сè подлабок социјален јаз меѓу „центарот“ и „периферијата“ и судир на цивилизации, уништување на националната држава и поништување на националниот идентитет и култура (Види пошироко за ефектите од процесот на глобализација кај М. Печујлиќ, „Глобализација – два лика света“, Гутенбергова Галаксија, Београд, 2002, стр. 7-14).

[4] Според повеќе автори, идеите на мондијализацијата – глобализацијата зачнати се во времето кога кај одделни народи и нивните поглавари се појавил стремежот да се излезе од своите локални средини и да се посегне по териториите и богатствата пред се на своите соседи, а потоа сè пошироко во нивното окружување, сè до освојување на континентални простори. Така и дошло до освојувачките походи и војни, кои ги воделе Монголите, Аварите, Хуните, Готите, Римјаните, Турците османлии, Персијците, крсташките орди и други освојувачи кои, покрај другите, ги предводеле Џингис Кан, Александар Македонски, Наполеон Бонапарта, и, во поновите времиња, Хитлер и другите претенденти за освојување на светските простори. (Види пошироко кај В. Мичовиќ, истото дело, стр. 15-16, М. Печујлиќ, исто дело, стр. 27-41 и кај Н. Чомски, Година 501 - конквиста се наставља, ИП Светови, Нови Сад, 1998, стр. 5-43).

(на пр. ЕУ, НАФТА, АПЕК и др.) взаемно се зависни и меѓусебно поврзани во еден глобален систем на економски, културни, политички, научно-технолошки, информатички и сите други аспекти на поврзување во современиот живот на луѓето и народите; свет без конфликти, спротивставени интереси, безбеден свет, во кој сите луѓе и народи слободно ќе одлучуваат за својата иднина и судбина и за односите со другите народи; светските природни и други богатства да се користат и стекнуваат со труд и во согласност со тоа да припаѓаат на сите; да се исклучи секој вид дискриминација по национална, верска или расна припадност на луѓето; да се оневозможи секој вид експлоатација, понижување, омраза и одмазда; на сите луѓе и народи да им бидат достапни придобивките на човечкото творештво (науката, културата, богатството на идеи) и на развивање на еден нов свет кој ќе биде заемно зависен и поврзан со јаки врски кои имаат универзално значење и претставуваат општи придобивки на човештвото. Вака замислениот свет од страна на глобалистите на прв поглед изгледа мошне привлечно, меѓутоа тој е формулиран како еден нереален и идеалистички концепт на современиот свет и на неговата стварност. Ако, пак, ја погледнеме сегашната стварност која нè опкружува, може да се воочи дека вака замислениот свет речиси во сè е спротивен со напред изнесената стварност. Меѓутоа, и покрај тоа, приврзаниците на глобализацијата и стратезите на новиот светски поредок, ваквиот идеалистички концепт на современиот свет го користат како идеолошки превез за остварување на своите стратегиски цели и интереси.

Големи теоретски несогласувања околу идејата за глобализација и новиот светски поредок можат да се забележат кај многу научници и политичари, во зависност од тоа дали таа идеја ја афирмираат или им се спротивставуваат. Така на пример, Х. Кисинџер, новиот светски поредок го посматра како „рамнотежа на силите", Џ. Буш, го сфаќа како „победа на либерално-капиталистичките принципи (пазарната економија и либералната демократија) над противниците", додека Н. Чомски, истакнува дека светскиот поредок било да е стар или нов, претставува „форма на доминација на поединците над мнозинството, на некои држави над мнозинството други држави, богати или сиромашни". Според мислењето на

Чомски, новиот светски поредок е „нов“ само во толку што традиционалната политика на доминација и експлоатација се приспособува на нешто изменетите меѓународни услови.[5] Винстон Черчил, презентирајќи ја својата визија на светскиот поредок во свое време зборувал дека „светската влада не смее да биде во рацете на гладна нација бидејќи тогаш секогаш би постоела опасност“, а преведени на прагматичен план, овие зборови, според Чомски, би значеле: „Луѓето на богатите општества владеат со светот и меѓусебно се натпреваруваат за што поголем дел од богатството и моќта, немилосрдно потчинувајќи ги сите оние кои не сакајќи им се испречиле на тој пат“. Според него, суштинскиот судир ќе се води околу историската форма на глобализацијата: дали таа ќе води кон распространување на економската благосостојба или кон сè подлабокиот јаз помеѓу световите (светот на богатите и светот на сиромашните, подвлекол Т. Панев), поништување на националната држава и националните култури и судир на цивилизациите, или, пак, кон нивно взаемно збогатување; дали таа претставува пат кон космополитска демократија или кон авторитарна светска држава, зачувување или разорување на природата. На крајот од анализата на процесот на глобализацијата, М. Печујлиќ, доаѓа до клучното теоретско сознание, кое гласи дека: „централно прашање околу кое ќе се водат големи социјални борби и судири во мугрите на новиот милениум е прашањето дали ќе преовлада хуманиот или нехуманиот, демократскиот или авторитарниот лик на глобализацијата“? Од расплетот на овие две можности ќе зависи на кој начин ќе живеат милијарди граѓани на светот“.[6]

Во последните децении на минатиот век, благодарејќи на огромниот развој на научно-технолошката револуција и експанзија на капи-

[5] За контурите на новиот светски поредок и за американскиот пристап за неговото остварување види пошироко кај Н. Чомски, Година 501 – конквиста се наставља, Светови, Нови Сад, 1998, стр. 43-65.

[6] М. Печујлиќ, „Глобализација – два лика света“, Гутинбергова Галаксија“, Београд, 2002 год., стр. 194-196.

талот и капитал-односот, кој по логиката на својата моќ ги сруши сите државни граници и национални бариери, дојде до поврзување на луѓето, народите и државите и кон сѐ поголема интеграција и универзалност на светското општество. Некогашните изолирани и автархични општества, кои како оаза во пустина беа одделени едни од други, сега стануваат поврзани со илјадници технолошки, економски, културни и политички врски. Ваквите процеси кои се на дело и кои водат кон сеопшто поврзување на светот во насока на создавање основни претпоставки за конституирање на светско општество, светска заедница на луѓето, односно во насока на создавање на иднина што започнува за сите народи и држави и во која ќе се почитуваат различните религиски, етнички и културно-историски традиции и вредности, се посакувани и потребни. Меѓутоа, наспроти ова, мондијализацијата[7] ги укинува сите постојни граници, ги хегемонизира културите и ја смалува разликата меѓу нив, го доведува во прашање идентитетот и суверенитетот на државите и на народот и го наметнува создавањето универзално (американско) царство на пазарната економија, предизвикува „балканизација" и „либерализација" на односите, уништување на национални држави и создавање нови кризни жаришта погодни за интервенција од секаков вид. Ваквите тенденции од голем број држави и народи се доживуваат како обид за политичка ,

[7] Мондијализацијата (иницирана и водена од страна на САД и нејзините западни сојузници) може да се дефинира како процес на разбивање на „големите" национални држави (но туѓите), а потоа и нивните народи на составни делови – елементи (етнички заедници, племиња, семејни стебла и најситните ќелии на општеството – семејството) и потоа како „граѓани на светот", поврзани во едно „глобално светско село", со кое ќе управува „светска влада", составена од претставниците на најбогатите земји на светот, односно нивните мултинационални корпорации. Покровител на таа светска влада би требало да бидат САД, кои имаат авторитетни воени сили и лидерство во НАТО. Внимателната анализа покажува дека се разбиваат националните држави онаму каде што постојат залихи на богати енергетски суровини. Врз основа на тој критериум досега веќе се разрушени јаките незападни европски национални држави, како што се СССР, СФРЈ, Чехословачка, но е потребно и натамошно иситнување на Руската Федерација и СР Југославија, бидејќи не се доволно безбедносно ослабени. Затоа се произведени невралгични точки, како што се Косово, Чеченија, Сингџанг (во Кина), Кашмир (во Индија) и др.

безбедносна, културна и духовна доминација, па оттаму сè посилни и сè погласни се отпорите на таквите тенденции. Некои научници и аналитичари на глобалните процеси, како што е Р. Еткинсон, на остра критика ја изложуваат опачината на мондијализмот и неговиот продукт – глобализацијата на светот. Така Еткинсон, во својата книга „Маѓепсаниот европски круг", во 1997 година, пишува дека „мирот е загрозен кога коалицијата на закоравените империјалисти и новите мондијалисти започнуваат да ги скицираат новите граници, да создаваат центри на наднационалната моќ, економски блокови и гигантска бирократија, неопходна за остварување на нивните планови".[8] Остри критички опсервации за примената на мондијалистичките идеи Еткинсон упатува и на практиката на создавањето на Европската Унија и нејзините империјални амбиции.

Последните децении од минатиот век, а тоа сè посилно се манифестира на самиот почеток од новиот милениум, старите мондијалистички идеи добија ново руво и постанаа идеологија, теорија и политика (планови) за освојување на светот со нови средства, нови методи и уште повидлива - нова сила. Ваквите теории и планови постанаа идеолошка основа на таканаречената глобализација на светот која денес со сите современи средства на економската, технолошката, медиумската, политичката и воената моќ ја спроведуваат најмоќните сили на светот од западната хемисфера, настојувајќи да ја остварат како стратегија и концепт на новото уредување (и преуредување) на светот под името „нов светски поредок". Тој концепт, ако се дешифрира неговата крајна цел, всушност е концепт кој претставува план за доминација на развиените земји и големите сили врз светот. Тие се обидуваат тоа да го прикријат со идеите на мондијализмот и неизбежната глобализација на сите светски простори, во која како нејзини најзначајни делови ја прават глобализацијата

[8] Родни Еткинсон: Зачарани европски круг - корпоралне елите и нови фашизам, изд. ЈП Светови, Нови Сад, 1997 година, стр. 116.

на производството, трговијата и финансиите, иако се зафатени и сите други сфери на животот на луѓето.[9]

Идеолозите на мондијализмот и планерите на глобализацијата и создавањето на новиот светски поредок го пренебрегнуваат фактот дека современиот свет е мошне хетероген и различен, како во поглед на религиските верувања, етничките вредности, културно-историските традиции, така и во поглед на идеолошките сфаќања и поимања на светот и односите во него. Не се свесни, на пример, за судирот што тлее и трае илјада години помеѓу католицизмот и источното православие. Не помалку опасен по новиот светски поредок во последно време е и верскиот динамизам и фанатизам на исламскиот фундаментализам, кој единствено длабоко ѝ се спротивставува на мондијализацијата и глобализацијата што е во тек. Според Жан Бодријар, глобализацијата ќе се судри со сите антагонистички сили кои се наоѓаат насекаде на светско ниво и во сите сегашни конвулзии, но вистинскиот фронт на четвртата светска војна ќе биде фронтот кој ќе се создаде помеѓу секоја хегемонистичка доминација на една сила „со сила која се спротивставува на тоа, а засега тоа е исламот."[10]

Во светот сè повеќе преовладува мислењето дека процесот на глобализацијата, сфатен како начин на поврзување на луѓето, народите и државите, на помалку или повеќе богатите и сиромашните, слабите и оние најсилните, на повисок или помал степен на цивилизациски и културен развој, е процес кој е неминовен и од потреба за луѓето и народите. И од таа страна гледано, нема ништо спорно кај овој процес. Меѓутоа,

[9] Процесот на глобализацијата мошне темелно го анализирал уште пред 150 години германскиот научник Карл Маркс. Во свое време тој глобализацијата ја опишал како чисто економско-политички феномен. Во 1848 година, тоа била и единствена можна перспектива, бидејќи ширењето на светскиот пазар и политиката на колонијалните сили биле решавачки движечки сили. Меѓутоа, како што нагласува Hans Encesberger, во меѓувреме овој неповратен процес ги зафати сите системи, како што се: религијата, науката, културата, техниката, потрошувачката, медиумите, а во последно време и сферата на безбедноста и одбраната. (За последиците од глобализацијата види кај Hans M. Encesberger, Васкрс људске жртве, Сенка Рима над Вашингтоном, избор текстова о тероризму, „Филип Вишнић", Београд, 2002, стр. 127).

[10] Жан Бодријар, Потполна дволичност на оваа војна, Маргина, бр. 44. II. 1999, стр. 7.

многу поранешни и денешни научници, историчари и аналитичари на она што се случуваше во поновата историја до ден денес го поставуваат прашањето: Како, на кој начин, со кои средства и методи ќе се остварува овој противречен процес на глобализацијата како историски процес кој треба да му служи на човекот, на народите, на нивните потреби и цели, имајќи ги предвид искуствата од годините на долгите „30-годишни војни" од 1914 до 1945 година, значи од „епохите на империите". Имено, искуствата од големите светски војни во XX-от век, кои се водени токму заради стекнување богатства на новите светски простори и присутната хегемонија над државите и народите, се искуства кои опоменуваат и застрашуваат.[11] Ова вознемирува дотолку повеќе што кон крајот на минатиот и почетокот на новиот век дојде до силно манифестирање на стремежите за нови освојувања и нови поделби на светот, пак, главно, заради заземање на светските енергетски и други ресурси, но и со други цели и тенденции светот да се униформира и унифицира според вредностите и владеењето на една светска сила. Анализата на настаните во кои светот се најде во последните 12 години, дава основа за тврдење дека процесот на глобализација не ги опфати позитивните текови на интеграцијата, односно нејзиниот хуман и демократски лик изразен во создавањето можности на неразвиените и сиромашните земји за економски, културен и политички развој и просперитет, туку се движи во насока на создавање глобална економија под присила и нов светски поредок со брутална употреба на силата, каде што новата победничка коалиција, односно нејзиниот хегемон (САД), ги диктира новите правила на играта, претворајќи се во светски арбитер.[12] Ваквиот авторитарен и насилен лик на глобализаци-

[11] Дека хегемонијата на САД е во функција на стекнување богатства на новите светски простори укажува и британскиот весник „Гардијан". Според него, приемот на седум нови членки од Источна Европа во НАТО е всушност американски проект, што на Вашингтон, преку Балканот ќе му биде отскочна штица за Блискиот Исток и со нафта богатиот Касписки басен „со сево ова, како што оценува Гардијан, експанзијата на Исток му овозможува на Вашингтон да ги контролира пазарите на тие земји и нивните кревки демократии", „М. Денес", од 20.11.2002 година.

[12] М. Печујлиќ, истото дело, стр. 45.

јата почна да ги загрижува и вознемирува народите и државите, предизвикувајќи и разни видови пасивни отпори, а во последно време и активни и на просторите на најмоќните сили (Руската Федерација, Кина, Индија, Иран и др.), како и кај некои свои сојузници (на пр. Франција, а во помала мера и кај Германија), кои исто така учествуваат во новата поделба на светот, но не сакаат целосно да се потчинат на новиот господар кој има претензии да го заземе светскиот трон.

## 2. Светската елита на моќта и нејзиното влијание врз тековите на меѓународните односи и врз проблемите на безбедноста

Неолибералниот проект на забрзана глобализација инаугуриран на почетокот на 80-те години од XX-от век ја измени историската форма на глобализацијата како процес, насочувајќи ја во правец кон создавање на нов светски поредок.[13] Главните актери и двигатели на ваквото „ново" моделирање и обликување на современото општество на глобален план се неолибералните сили на светската елита на моќта, односно мегаелитата составена од сложената мрежа на социјалните групи што заземаат командни места во организациите кои денес претставуваат центри на светската моќ и богатство.[14] Во колективната слика на глобалната елита на моќта истакнато место заземаат сопствениците и врвните менаџерски транснационални корпорации и банки, чиј капитал го надминува богат-

[13] Според мислењата на повеќе социолози (L. Altiser, E. Balibar, W. Robinson, L. Sclair, M. Pečujlić и др.) далекусежната промена на процесот на глобализацијата во насока на создавање нов светски поредок е непосредна последица на новата рамнотежа на силите помеѓу големите социјални актери: опаѓањето на моќта на националните буржоазии и работничката класа, и силниот подем на неолибералното крило на глобалната елита на моќта, настаната прво на национално, а потоа и на глобално ниво.

[14] Глобалната елита на моќта повеќе социолози и аналитичари ја посматраат само како врв на новата владејачка транснационална класа, односно глобална буржоазија. Неа ја сочинуваат преставниците на транснационалниот капитал, сопствениците на водечките светски средства за производство олицетворени во транснационалните корпорации и приватните финансиски институции. Она по што се разликува од националните, локалните

ството на многу земји во светот. Покрај нив се наоѓа политичката елита – лидерите на групата - 7[15] и управувачите на наднационалните организации како што се ММФ, Светската банка, СТО (Светската трговска организација), Советот за безбедност при ООН и секако НАТО. Меѓународните институции својата лојалност ја должат на транснационалната елита на моќта, која не претставува некаков клуб на еднакви актери, туку хиерархиски поставена пирамида на чие чело стои американската елита на моќта.

Интелектуалната елита, како што е Трилатералната комисија или Економскиот форум и Советот за меѓународни односи, дејствуваат помалку упадливо, односно тајно одлучувајќи зад јавната сцена и заземаат важно место во колективната слика.[16] Од времето на Картеровото владеење во речиси сите досегашни влади на САД, Трилатералната комисија заземала клучно место во глобалната елита на моќта донесу-

---

капиталистички единици е нејзината вклученост во глобалното производство и управувањето со глобалната циркулација на капиталот. (Види пошироко кај М. Печујлиќ, истото дело, стр. 97-106).

На транснационалниот капитал и на приватните финансиски институции почива, според W. Robinson и L. Schar, објективната класна егзистенција и идентитет на глобалната буржоазија во глобалниот простор, која е над која било локална територија. Види Robinson. W. Promotion Poliarchy, Globalization US Interventions ant Hegemony, Kambrige Univerzity Press. Sclair. L. The Transnational Kapitalist Class, Oxford, Bledskwele Publishers.

[15] Во групата 7 најразвиени земји во светот спаѓаат: САД, Јапонија, Германија, Англија, Франција, Италија и Канада. Кон оваа група во последно време е вклучена и Русија, имајќи ги предвид нејзините нуклеарни потенцијали и определеното влијание кое го има во одредени региони. Седумте членки на оваа група најразвиени земји преставуваат нешто повеќе од 10% од светското население, а располагаат со 2/3 од светскиот бруто општествен производ (Т. Тодоров, „Нов поредок – критика на светскиот капитал", „Мегатренд", Скопје, 1993 година, стр. 68-72).

[16] Трилатералната комисија е една од најважните организации која ги собира архитектите на новиот светски поредок. Главен учесник – основач и нејзин прв претседател бил З. Бжежински (1973-1976). Остварувањето на идејата за создавање на светска влада и поттикнување на економската меѓузависност на суперсилите е негово дело, финансиски поддржано од Д. Рокфелер. Оваа комисија, со седиште во Њујорк, е составена од преставниците на тнр. светски економски супер сили – Северна Америка (со 98 члена од САД), Западна Европа (146 члена) и Јапонија (81 член). (В. Мичовиќ, истото дело, стр. 109-124). За билансот од досегашното дејствување на Трилатералната комисија, кој е мошне негативен, зборува проф. С. Аврамов. Во своите заклучни согледувања на својата книга „Трилатералната комисија" таа вели: „Крајот

вајќи одлуки кои пресудно влијаеле врз обликувањето на процесот на глобализацијата и мондијализацијата и нејзиниот продукт – новиот светски поредок. Она на што треба да се укаже е фактот дека неолибералната фракција постанува преовладувачка политичка сила и во многу земји од Третиот свет, а во последните десет години и во постсоцијалистичките општества. Ослободена од железните стеги и ограничувања наметнати од страна на семоќните синдикати и национални држави, неолибералната елита на моќта кон средината на 90-те години ги освојува наднационалните институции и постанува хегемон, водечка сила на глобалната арена, а нејзината доктрина на „структурално приспособување“ постанува камен-темелник на преуредување на светската економија. Со тоа од картата на високоразвиените општества постепено исчезнува „бинарниот

---

на „студената војна“ и почетните десет години од 'Новиот светски поредок' на поголемиот дел на човештвото му донесоа масовно сиромаштво, нови и – или обновени етнички судири, застрашувачки граѓански војни и 'војни со низок интензитет', раширување на сите видови тероризам (вклучувајќи го тука и државниот тероризам на многу геополитички точки во светот), разорување на држави и тенденција за создавање џуџести анационални и племенски квази држави итн. (Смиља Аврамов, Трилатерална комисија, Идиј, Ветерник, 1998 година, стр. 7).

Покрај Трилатералната комисија Советот за меѓународни односи (СМО) е една од највлијателните институции кои во себе ги собира најеминентните личности на американскиот естаблишмент. Овој Совет со својот респективен состав има голема моќ и влијание во донесувањето на клучните одлуки на највисоко ниво на власта вршејќи „притисок одозгора“ спрема внатре, додека истовремено финансира групи и поединци кои вршат „притисок одоздола“. Советот кон крајот на 1959 година објави дека негова стратешка цел е „воспоставување нов меѓународен поредок кој ќе одговара на светските стремежи кон мирот и општествените економски промени“. Во својата активност овој Совет во голема мера се бави со пропагирање на глобалистичката концепција на уредување на светот по мерка на американските интереси. СМО има 2.670 члена. Тоа се најистакнати личности на влади, луѓе од светот на бизнисот, образованието, синдикатот, војската, медиумите и банкарските кругови. Тука се наоѓа концентрацијата на вистинската моќ и власт во Америка, и не само во неа, туку и пошироко. Во американската администрација 5-те клучни положби, по правило, ги заземаат членовите на СМО и Трилатералната комисија: претседателот на САД, државниот секретар, секретарите за одбрана и финансии и советникот за национална безбедност. Како илустрација ќе наведеме најистакнати личности од американскиот јавен и политички живот кои биле членови на СМО и на Трилатералната комисија: В. Лимпан, А. Стивенсон, С. Венс, З. Бжежински, Џ. Буш, Д. Рокфелер, Џ. Шулц, Д. Чејни, Р. Реган, Тонбург, К. Пауел, Х. Кисинџер и многу други. (Види В. Мичовиќ, истото дело, стр. 109-122; Ралф Еперсон, Нови светски поредок, ИП „Плави круг“, Београд, 2001 година, стр. 13-47 и Џон Коулман, Хиерархија на заговорот, Фељтон во 50 продолженија во „Македонија денес“ од месец октомври и ноември 2002 година.)

модел", етаблиран во историскиот судир помеѓу двете големи национални класи: буржоазијата и работничката класа – социјални сили и актери на модерното индустриско општество.[17] На врвот на социјалната пирамида се наоѓа транснационалната мрежа на неолибералната елита на моќта во чии раце се концентрирани технолошката и економската, воената, политичката и културната моќ од невидени размери. За првпат во историјата на модерното општество на неа не ѝ се спротивставуваат историски ривали, контракласи или контраелити.

Ослободена од големите социјални ривали, неолибералната елита на моќта го обликува современото светско општество, отворајќи и влијаејќи врз повеќе процеси и тенденции кои во практиката се манифестираат низ неколку аспекти:

**Прво**, глобалната елита на моќта како транснационална институција преку својата неолиберална доктрина, олицетворена во низа програмски платформи – „Вашингтонскиот консензус", „Програмата за структурално приспособување" и „Шок-терапијата", удирајќи ги темелите на униформираните правила на играта на единствениот светски економски простор, си создава најповолни услови за брзо оплодување на капиталот преку: масовните приватизации, дерегулација на економските текови, слободната циркулација на капиталот и демонтирањето на социјалната држава и воспоставувањето контрола над глобалните природни ресурси.[18]

---

[17] Според Ј. Пакулски и М. Ветерс класите се изумрени меѓу почетокот и крајот на првата половина на XX-от век, па оттаму развиените општества престануваат да бидат класни. Според нив, „класите" повеќе не претставуваат теориска категорија која дава можност за разбирање на современата сцена и нејзината динамика. Теориите за прераната смрт на класите, на националната држава, на крајот на националниот суверенитет, на смртта на социјалната држава и националните култури, на крајот на националната економија и географија, премногу се преуранети. Човештвото сè уште живее во два паралелни света кои меѓусебно се испреплетуваат: во локален и глобален свет, и во нивните рамки животот уште многу долго ќе се одвива. (Pakulski, J. Waters, M. (1996) The Death of Class, London, Sage Publikacion).

[18] Економските ресурси кои глобалните сили ги сметаат за стратегиски важни, не се посматраат како имот на земјата на чии територии се наоѓа, туку како претпоставка за

**Второ,** клучна точка на новиот светски поредок претставува конституирањето на нов глобален политички режим со кој се подредуваат државите од страна на националните центри на моќта, прокламирајќи го „крајот" на националните држави и нивниот суверенитет. Имено, овие сили на светската елита на моќта, кои преовладуваат во развиените земји, вршат решавачко влијание врз тековите на меѓународните односи и тоа на сите нивоа на одлучување во меѓународната заедница и успеваат на полупериферните и периферните општества, во кои спаѓаат и сите балкански земји, вклучувајќи ја и нашата земја, да им наметнуваат различни услови со кои ја зацврстуваат својата доминација на светски план. Улогите кои им ги наметнуваат на неразвиените земји се движат од улога на тампон зони спрема една или друга голема сила, преку улога на „стабилизатор" или „дестабилизатор" на односите во одредени региони во светот, што ќе им овозможи непречена економска пенетрација и пласман на своите стоки или, пак, испумпување на капиталот и богатството од широкиот регион, па сѐ таму до улогата на „детонатор" на некои земји или етнички групи во ситуации кога светските виртуози на мирот ќе се решат да водат економски или вистински војни заради зачувување на своите глобални стратегиски интереси.[19]

**Трето**, Светската елита на моќта, односно најразвиените земји на светот, водени од својот економски егоизам и нескротливото ривалство за успех по секоја цена, како предводници на глобализацијата и мондијализацијата, експанзијата на капитал односот и новата светска поделба на трудот, успеаја да воспостават или на пат се да воспостават решавачка контрола над националните стопанства, суровинските извори на енер-

---

благосостојба на индустриски развиените земји, односно како стока која припаѓа на светскиот пазар, па според тоа подлегнува на нивна целосна контрола. (Hill, E. (1992), „Rhetoric, Policy and Politics in the US", u I. Tareg and E. Ismael (eds) The gulf War and the New World Order, Internacional Relations of the Middle East, University Press of Florida. Преземено од М. Печујлиќ, истото дело, стр. 103).

[19] Ж. Ракочевиќ, Корени и геополитичка димензија југословенске кризе, „Војно дело", бр. 4-5/1991, стр. 25-31 и „Геополитика и Реалполитика међу играчкама капитализма", „Војно дело", бр. 6/1998, стр. 67-71.

гија, изворите на ефтина работна сила (мануелна и интелектуална) над гранките на иднината.[20]

Врз таа основа овие сили, исто така, вршат решавачко влијание на типот и моделите на економските односи и технолошкиот развој, на моделите на потрошувачка и формирање на социјална структура, односно стратификација на сите одделни неразвиени општества, ставајќи ги во своевидна економска подреденост и политичка зависност.

**Четврто**, под нивно влијание се формира и тенденцијата на новата кастинска поделба на светот и светските господари, изразена низ трите геоекономски и геополитички средишта на светската моќ: Северна Америка и Канада со САД на чело, Европската Унија и земјите од Пацифичкиот регион на чело со Јапонија. Во меѓународните односи тие се промотори на авторитарниот начин на решавање на кризите на сите точки на планетата, вршејќи редистрибуција на богатствата во полза на тесните елити и по цена на огромното осиромашување на останатиот дел од светот. На тој начин, индустриски најразвиените земји и големите сили, здобивајќи се со огромно политичко влијание решавачки влијаат како врз креирањето на меѓународните односи и новото геополитичко и геоекономско прекројување на светот и Европа, така и врз креирањето на меѓународниот мир и безбедноста во светот воопшто, но и на секоја држава поединечно.

**Петто,** транснационалната „пара држава“, односно неолибералната елита на моќта, здобивајќи се со елементите на „глобалната државност“ го легитимира монополот на сила на целиот глобален простор во форма на нов планетарен воен интервенционизам, покривајќи го тоа со концепцијата на селективен „хуманитарен милитаризам или антитерористички интервенционизам“.[21] За таа цел глобалната елита на моќта

---

[20] М.Печујлиќ: Доба велике трансформације, критичка теорија савременог друштва, Завод за уџбенике и наставна средства, Београд, 1991, стр. 171.

[21] За новиот милитаристички хуманизам на западните општества, особено на САД, кој се применува во името на принципите и вредностите на хуманизмот, а кој во основа е раководен од немилосрдното остварување на интересите на големите сили, види поширoко кај Н. Чомски, Нови милитаристички хуманизам, ИП, Филип Вишњиќ, Београд, 2000, стр. 87-96.

создаде и планетарна воена сила која треба да обезбеди лесно да функционира новиот светски поредок. Оваа сила во лицето на НАТО пактот, кој постојано се проширува со нови членки, со својата нова доктрина, игнорирајќи ги Обединетите нации, се легитимира како меѓународна сила која ќе дејствува насекаде во светот каде што постои опасност за „глобалната безбедност и стабилност“.[22]

**Шесто**, од една страна авторитарната форма на глобализацијата силно го забрзува темпото на глобализацијата изразено во сè потесната меѓузависност на светот и создавање на глобална економија, а од друга страна доведува до глобализација на сиромаштвото и до закани за поништување на националниот и културниот идентитет, предизвикувајќи на тој начин фрустрации и страв кои се погодно тло за појава на масовни етнички конфликти ширум светот.

**Седмо,** милитантното крило на глобалната елита на моќта во последно време ја демонстрира приврзаноста кон авторитарниот начин на глобализацијата. Имено, се напушта т.н. „бенигна“ форма на хегемонијата, која ги застапуваше универзалните интереси и вредности и владеењето на меѓународното право, а ја зголемува улогата на голата сила и планетарниот воен интервенционизам. Всушност, сите вооружени војни што се водеа, и сè уште се водат на подрачјето на Блискиот и Средниот Исток (Палестинското прашање, Заливската војна од 1990 година против Ирак и можноста од нејзино повторување во 2003 година), војната против Талибанците и Осама Бил Ладен во Авганистан, како и оние што се водеа на подрачјето на поранешна Југославија (Босна и Херцеговина, Косово и Македонија) и војната на НАТО врз СРЈ (1999 година), а кои се во контекстот на преуредувањето на балканските односи, укажуваат дека се работи за англосаксонскиот и воопшто западно-европскиот прагматизам и победнички рационализам под чие влијание се менува, односно

[22] На самитот на НАТО во Прага, во втората половина на ноември, на кој НАТО се прошири со седум нови членки, беше усвоена нова воена доктрина според која Алијансата ќе може, надвор од ООН, да дејствува насекаде во светот каде што постои опасност по „глобалната безбедност и стабилност“ (Македонија денес, од 21 декември 2002 година).

се револуционизира проектот на глобализацијата.[23] Земјите од западниот свет, а особено САД, кои се носители на процесот на глобализацијата и на новата структурна организираност на светот, иако ги инаугурираат и заговараат, во голем број случаи не се придржуваат на меѓународните норми и на правото, туку применуваат двојни политички аршини држејќи се првенствено до политичкото пријателство помеѓу глобалните елити на моќта етаблирани во лицето на САД, ЕУ и Јапонија, кое произлегува од големиот економски монопол и интерес и од законитоста и движењето на светскиот капитал на целиот планетарен простор. Затоа, кога во денешни, современи услови го согледуваме зачувувањето на мирот и безбедноста на глобален план, а во тие рамки и обезбедувањето на без-

[23] Како илустрација дека најдинамичниот дел на глобалната елита на моќта глобализацијата ја сфаќа како американизација на светот укажува T. Fridman, новинар на New Jork Timess, добитник на Пулцеровата награда, страстен застапник на глобализацијата, кога вели: „Паралелно со завршување на Студената војна настанува глобализација на американскиот капитализам. Ќе кажете: премногу груб модел. Можеби, но таа е златна лудачка кошула која првенствено е американски производ. Глобализацијата има изразито американски лик. Ние веруваме дека американските институции мораат сите останати да ги пратат на гробиштата на историјата. Наспроти традиционалните освојувачи, ние не се задоволуваме со тоа да ги покориме другите, туку инсистираме да постанат слични на нас, се разбира, за свои сопствени интереси. Американците се апостоли на брзиот свет, непријатели на традицијата, пророци на слободниот пазар и просветители на високата технологија. Ние сакаме светот да го следи нашето водство“ (T. Fridman, цитирано според М. Печујлиќ, истото дело, стр. 105). На уште попластичен начин тоа го опишува S. Koen кога вели: „Големата стратегија на американската политика, особено Клинтоновата, претставуваше мисионерство во полната смисла на зборот, односно вистинска крстоносна војна чија цел е посткомунистичка Русија да се трансформира во копија на американскиот систем и сите нејзини институции до темел да се разорат. Во тој дух легиите на американските инвеститори, политичките мисионери и евангелисти, т.н. „советници“, настапуваа низ цела Русија. Финансирани од американската влада, идеолошките организации и фондации, успеале да дојдат до сите средини – од политичките движења, синдикатите, медиумите и училиштата, па сè до владата, која требало да ја преобратат во нова вера, односно да ја претворат Русија во онаква каква што ние сакаме да биде. Покрај другите мисионерски дела, Америка ги снабдувала со пари своите омилени политичари, им давала инструкции на министрите, создавала нацрт закони и претседателски декрети, публикувала прирачници и го водела Јелциновиот изборен штаб 1996 година (Cohen, S. 2000) Failed Crusade, Amerika and the Tragedy of Postcommunist Russia, New York W.W. Norton. Цитирано според М. Печујлиќ, истото дело, стр.105.) Уште подециден е Z. Bžežinski кога изјавува „Клучот на демократската обнова на Русија не е повеќе во нивните, туку во нашите раце“, види Z. Bžežinski, Foreigen Affairs, Esen 1992).

бедноста, интегритетот и стабилноста на малите и неразвиени земји, каква што е Р. Македонија, чии објективни можности за некакво влијание во глобални и регионални размери е мало – мора да се поаѓа од ноторниот факт дека во меѓународните односи и односите меѓу државите и понатаму доминира категоријата економски интерес. Економскиот интерес и неговата артикулација, кој во реалноста во најголема можна мера се наметнува со економска присила и гола воена сила, геополитички интониран од законитоста на движењето на светскиот капитал и на глобалната економија, претставуваат а и во иднина ќе претставуваат највисока вредност, централна норма и основно кредо на меѓународното дејствување на државите од трите светски монополистички центри, односно глобалната елита на моќта, било поединечно, било во рамките на регионалните асоцијации, а не меѓународните норми и правото.

Однесувањето на центрите на светската моќ и богатство во решавањето на проблемите и судирите во одредени кризни подрачја во светот укажува дека на дипломатите на развиените и влијателни земји во служба на глобалната елита на моќта, меѓународните норми и правото ќе им служат повеќе заради одржување на привидот за божемната нивна употреба заради „конструктивното" разрешување на проблемите, споровите и судирите меѓу одделни држави, барајќи од нив кооперативност и спремност на компромис и по цена на откажување од круцијалните национални и државни интереси (на пр. откажување од името на државата или наметнатиот Рамковен договор од Охрид, како што е случајот со нашата Република), од кои зависи развојот и опстанокот на една држава или народ.

## 3. Отпори на насилната глобализација и американската хегемонија

Процесите на глобализацијата на светот добија планетарни размери и како општа тенденција и како политичка стратегија и како практично однесување на еден мал, но моќен број на држави, предводени од единствената суперсила – САД. Тоа е очигледен факт кој денес никој не

го доведува во прашање. Нашата планета, како што вели белградскиот професор Печујлиќ, „е испреплетена со густа мрежа на поврзани дејности од сферата на информатичката револуција, експанзијата на светскиот пазар, слободната циркулација на стоката, капиталот и идеите“,[24] а сето тоа создава сѐ поголема меѓузависност на современите општества. Во таа смисла и поради тоа многумина апологети на мондијализмот процесите на глобализацијата ги сметаат за неизбежни и апсолутно објективни, со оглед на фактот што околу нив наводно се движат сите економски, социјални, политички и културни текови на една земја.[25] Во исто време, идеолошки оптоварени, тие не се спремни да го опсервираат овој процес, односно да ја согледаат и неговата друга – темна страна и ризиците кои овој процес ги носи за современите општества. Вистина е дека глобализацијата придонесува за поврзување на народите и на државите и за вкупната меѓузависност на светот во сите сфери на човековото живеење и во тој поглед таа претставува дел од историските движења на нашата планета, но движења кои помалку се спонтани изрази на стремежите и потребите на народите и државите, а повеќе се организирани и насочувани од страна на еден или помал број центри на современата светска моќ заради остварување на нивните стратегиски цели и интереси. И токму на таа точка и од тој аспект доаѓа до недоразбирања, спротивни гледишта и сѐ посилни отпори на репресивната глобализација на светот, која настанува како плод на интересите и стремежите на глобалната елита на моќта за остварување на хегемонија во светот.

Процесите на насилната глобализација се сѐ повидливи и на меѓународната политичка сцена сѐ поприсутни се тенденциите и практиката на авторитарното владеење во името на таканаречената „меѓународна заедница“. Глобализацијата и на неа проектираниот нов светски поредок сѐ повеќе се воспоставува врз основа на голата сила и правото на посил-

[24] М. Печујлиќ, Глобализација – два лика света, Гутенбергова Галаксија, Београд, 2002, стр. 17.

[25] R. Keahane, Nye, J. (2000) „Globalization, What's New, What's Not, So What“, Foreign Policy, Spring.

ниот, сфатено во Дарвинова смисла[26], со прогласување за непостоење на меѓународното право и со вршење на негово грубо кршење; на разните меридијани на светот се преземаат казнени воени интервенции (СРЈ – 1999, Авганистан – 2001 и Ирак – 2003 година); суверенитетот на државите се прогласува за ништожен и се најавува крај на националната држава, па и крај на историјата во име на победата на т.н. либерален капитализам и систем на демократија од западен тип; [27] на груб начин се врши обид за асимилација и поништување на националните култури и традиции, се наметнува систем на културни и други вредности, сè пораспространети се тенденциите за унификација на човечкиот дух и други процеси кои ги зголемуваат ризиците на човековото живеење. Како протагонистите на глобализацијата манифестираат своите мондијалистички амбиции сликовито прикажува американскиот новинар Фридман во весникот Њујорк тајмс: „Паралелно со завршувањето на студената војна, пишува тој, настанува глобализација на американскиот капитализам. Светот јаде биг-мек, пие кока-кола или пепси, користи ИБМ компјутери… Ние веруваме дека американските институции сите останати мораат да ги испратат на гробиштата на историјата. Наспроти традиционалните освојувачи, ние не се задоволуваме со тоа што ќе ги покориме другите, туку инсистираме тие да постанат слични на нас“.[28]

Еден од големите универзални мислители и најзначајни историчари на новото време, Британецот Ерих Хобсбон, зборувајќи во герман-

---

[26] Индонезискиот претседател, Мегавати Сукарнопутри, во говорот на Третиот конгрес на Меѓународниот сојуз на жените муслиманки, одржан во почетокот на април 2003 година во Џакарта, упатувајќи невообичаено остри критики кон американската политика – американското однесување во светот го спореди со обновувањето на „Законот на џунглата“ во кој моќните чувствуваат дека имаат право да им ја наметнат својата волја на послабите“ (Македонија денес од 08 април 2003). Слична оценка за американското однесување даде и грчкиот министер за одбрана, Јанос Папантониу, во интервјуто за грчката телевизија Мега. За него „американската ароганција и неможноста на меѓународната заедница да ги контролира постапките на Вашнгтон, може во светот по војната во Ирак да го промовира Законот на џунглата“ (Македонија денес, од 16 април 2003.).

[27] Fukuyama, F. (1992) The End of History and the Last Man, London, Hamish Hamilton.

[28] Цитирано според В. Мичовиќ, Глобализација и нови светски поредак, Чигоја, Београд, 2001, стр. 181.

скиот неделник Шпигл за билансот на минатиот век и за иднината на светот, истакнува дека 20-от век е завршен со повеќе кризи и дека не успеал обидот „капитализмот на кој и да е начин да се преобликува како човечки и социјален систем". Тој посебно укажува на опасноста која на човештвото му се заканува од недостигот од „секоја контрола на разуларениот и 'откачениот' капитализам и неуспехот на САД во улогата на светски полицаец". Хобсбон ја отфрла теоријата дека „либералната демократија и пазарното стопанство претставуваат норми за современиот свет" и додава дека денес „всушност пазарниот фундаментализам претставува крај на демократијата"[29]. Меѓу жестоките критичари на глобализацијата и американизацијата на светот е и еден од познатите лидери на светската дипломатија, поранешниот министер за надворешни работи на Франција, Ибер Ведрин. Во опширниот текст, кој во февруари 2001 година го објави парискиот Le Monde diplomatique, Ведрин, не согласувајќи се со мошне проширената теза дека секоја недемократска земја може и мора преку ноќ да постане демократска, а дека пример за тоа е денешната западна демократија, покрај другото вели: „Демократијата, историски гледано, секогаш била плод на еден процес на глобален напредок – на економски, општествен, политички и културен план – а не моментално преправање „како во времето кога целата земја би ја променила верата само заради тоа што тоа го направил и нејзиниот господар". „Не е тоа инстант-кафе, додава Ведрин." Коментирајќи ја американската доктрина за новиот светски поредок, овој француски политичар вели: „Не верувам дека таа доктрина како некое чудо ќе обезбеди појава на еден нов светски поредок, демократски, чист и совршен, способен секаде да овозможи почитување на оние наши вредности кои навистина се универзални."[30]

Глобализацијата и новиот светски поредок се идентификува со Америка како главен промотор и протагонист на новото моделирање

---

[29] Цитирано според В. Мичовиќ, истото дело, стр. 182.

[30] Le Monde diplomatique, 2002, 1 февруари.

на светот и односите во него. Поради тоа, огромна критика се насочува кон САД бидејќи таа земја со најголеми економски и воени потенцијали и политичко влијание, со помош на мал број западни земји (во кои особено предничи В. Британија), настојува да воведе систем на неоколонијализам и неоимперијалистички односи. Она што најповеќе го лути светот е начинот на кој мал број западни земји, на чело со САД, воведуваат ред и поредок на сите меридијани. Со примена на вооружената сила и другите секакви видови насилство (вклучувајќи го тука и тероризмот), Америка ширум светот предизвикува фрустрации и бес. Брановите на антиамериканизмот се разлеани во речиси сите земји, вклучувајќи ги тука и американските сојузници од Западна Европа, особено Франција и Германија – носечки земји на ЕУ. Сѐ почести и сѐ пожестоки се критиките на американската стратегија за освојување на светот и во самата Америка, дури и од страна на оние личности кои во текот на последната половина од векот се наоѓаа во тимовите за проектирање на американската хегемонија и создавање планови за американско владеење со светот, како што е на пример сенаторот Фулбрајт. Според него, современиот свет во принцип не е против Америка како таква, бидејќи е тоа земја без која тешко може да се замисли современото општество и модерната цивилизација. Антиамериканизмот, вели тој, е израз на отпорот спрема „ароганцијата на моќта“ и претставува составен дел на широко распространетата реакција на авторитарниот и нехуман лик кој неолибералната демократија го здобива.[31] Слични критики напишани се и во влијателниот германски неделник Шпигл (јануар 1999) кој констатира: Американското наводно залагање за ширење на слободата и демократијата кај другите народи, дури и кај оние кои важат за нивни најблиски сојузници, сѐ почесто одекнува како наметнување, контрола, потчинување, а доминацијата на Америка се доживува како неслобода, инсистирање на воспоставување проамерикански режими ширум светот. Над-

[31] Цитирано според М. Печујлиќ, Глобализација - два лика света, Гутенбергова Галаксија, Београд, 2002, стр. 143-160.

моќноста на САД е толкава, истакнува овој лист, што предизвикува паничен страв и стравопочит, но ароганцијата на американските претставници на сите нивоа покажува дека „сѐ поголема е опасноста таа сила да постане глобален силеџија“.[32] Според истражувањата на американскиот часопис Тајм, во светот на Америка се гледа како на „арогантна сила“. Овој весник истакнува дека „американското перчење и самореκламирање, како и недипломатското однесување, не е она што пречи, туку повеќе размерите на американската моќ, доминацијата и хегемонијата над современиот свет.“[33] Никогаш порано бесот против Америка не бил така жесток ниту, пак, како пожар се ширел на сите фронтови како што денес, „не без жалење констатира Тајм“. Светското јавно мислење околу кризата во Ирак укажува на фактот дека сѐ поголемиот дел од светот постанува алергичен на обидите на Америка со милост или со сила да продолжи со својата „хумана мисија“ за наметнување на слободата и демократијата на крилјата на ракетите Томахавки, како што тоа симболично го констатира рускиот министер за надворешни работи, Игор Иванов.[34] Намерите на овие мисионери на новото време, од многу народи и луѓе во светот веќе се прозрени бидејќи зад нив се крие голиот неоимперијален интерес на ширење на американската воена, економска, политичка и информативна сила, која се претставува како „нов светски поредок“.

Глобализацијата во чиј епицентар се наоѓа американскиот стремеж за светска економија, со последиците кои ги предизвикува и начинот на кој се остварува создава сѐ поголеми реакции и отпори во најшироките слоеви на општествата. Последните неколку години, а особено пред и по војната во Ирак (2003 год.), се создава широк фронт на отпор на силите од мошне различни провениенции кои ги поврзува заедничкиот интерес

---

[32] Schpiegel, 12.01.1999.

[33] Цитирано според В. Мичовиќ, истото дело, стр. 184.

[34] Според рускиот министер за надворешни работи, Игор Иванов, ирачкиот народ е мудар и знае како сам да раководи со државата и затоа на Ирак не му е потребна демократија донесена од крилјата на ракетите Томахавки. (Македонија денес, од 24.03.2003.)

во борбата против сиромаштијата, експлоатацијата, агресијата и секаквите форми на насилство на творците на новиот светски поредок. Тој отпор се манифестира на улиците во градовите каде што се собираат и дебатираат светските економски и политички моќници за време на состаноците на СТО (Сиетел – 1999 год.), Светската банка и ММФ (во Прага 2000) и во текот на самитот на Групата седум најразвиени земји на светот, на кои доаѓа и до употреба на полициски сили против демонстрантите и до паѓање на првите човечки жртви. Сè почести и сè посилни се протестите и демонстрациите на огромен број луѓе против владеењето на капиталот и диктатот на мултинационалните компании, против американската политика во светот особено и меѓународните институции кои се под нивно влијание и кои претставуваат заштитен знак на новиот светски поредок и неоимперијализмот.

Силите на антиглобализмот, кои се состојат од разни синдикални, граѓански и политички организации и групации, сè уште немаат јасен политички профил, меѓутоа постанаа силен фактор од кој почнаа да чуствуваат несигурност и страв современите светски моќници. Тие сили се присутни секаде каде што мултинационалните и наднационалните структури и организации ги одржуваат своите состаноци и ја кројат економската и политичката судбина на човештвото. Овие движења прераснаа во неверојатно организирана и ефикасна меѓународна мрежа на отпорот против индивидуалните неолиберални стратегии. Тие движења се: Глобалната акција на народите против Светската трговска организација, Акцијата за солидарност, еднаквост, екологија и развој, потоа, мрежи за борба против ММФ, Светската банка за долговите на Третиот свет, мрежи против мултилатералната спогодба за инвестициите како и голем број меѓународни сојузи кои доведоа до пропаѓање на милениумскиот состанок на СТО во Сиетл – САД.

На насилната глобализација не реагираат само огромен број држави надвор од западните подрачја, туку и општествените елити во земјите сојузнички на САД, како што е, на пр. Канада, каде што највлијателни канадски граѓани го поставуваат прашањето: дали таа (Канада)

ќе постои за 25 години или ќе постане 51 Држава на САД? Против глобализацијата се општествените елити, институциите и личностите и од сферата на културниот и јавниот живот во одделни земји од ЕУ, кои и самите активно се вклучени во спроведувањето на глобализмот, како што се Франција и Германија. Така, во август 2001 година, дојде до „јазичен инцидент" во заедницата на европските држави заради фаворизирање на англискиот и потиснување на францускиот и германскиот јазик, со бурна реакција дека е тоа британска завера со цел Европската Унија да се претвори во англиски говорен простор. Силни реакции и своевиден отпор на политичко-државен план од страна на Франција и Германија против глобализацијата и репресивниот начин на нејзиното спроведување од страна на САД, дојде особено пред и за време на воената интервенција на САД врз Ирак во 2003 година, но и по нејзиното завршување. Овие земји, заедно со Руската Федерација, одбирајќи го мирот како цивилизациска опција за решавање на Ирачката криза, со дипломатски манири, но некогаш и отворено кажувајќи оти се плашат дека унилатералниот избор на војната од страна на САД ќе стане пример на дејствување во меѓународните односи без преседан. Во таа насока, како одговор на американскиот стремеж и ароганција за создавање на свет по мерка на американските интереси и цели, се најавува создавање на „антивоена оска" Парис – Берлин – Москва, кои размислуваат поинаку во обликувањето на меѓународните односи и безбедноста во современиот свет.

На крајот, имајќи ги пред себе турбуленциите кои настануваат во меѓународните односи на почетокот на 21-от век, едно од суштинските прашања кое го окупира современиот свет денес е: дали постои брана, односно алтернатива на насилната глобализација и создавањето на нов светски поредок според еден калап и пример. Во одговорот на ова прашање мора да се истакне пред сè фактот дека денес светот од кога било порано во својата историја постана поврзан – економски, културно и политички, дека е сè повеќе меѓузависен и дека интересите на луѓето, народите и државите повеќекратно се испреплетени. Тоа упатува на заклучок дека таа поврзаност и меѓузависност на светот е иманентна на

неговите потреби и интереси. Во таа смисла и глобализацијата е еден објективен процес под услов таа да не се одвива со насилни средства и методи кои нејзините главни протагонисти ги употребуваат. Друг факт кој е неспорен е тоа дека современиот свет е толку различен во сите сфери на својот живот, па секој обид на втерување во чии било калапи, мора да биде доживеан како насилство над природните закономерности, начините и формите на живот на луѓето, и како таков однапред би бил осуден на пропаѓање бидејќи претставува удар на различни цивилизации и култури и со тоа може да предизвика, како што подвлекува С. Хантингтон, големи историски опасности од судир на цивилизации и култури. Поради тоа единствена алтернатива на насилната глобализација е заедништвото на светот, поврзаноста и меѓузависноста во разликите. Основен предуслов за тоа е зачувувањето на самобитноста, националниот и културниот идентитет, традициите и можностите секој народ непречено и слободно да одлучува за својата судбина и за односите и соработката со другите.

(Рецензент: *Проф. д-р Ванче Стојчев*)

## SUMMARY

Trajan Panev

## GLOBALIZATION - PLANETARY PROCESS AND FORCE THAT SHAPES THE MODERN WORLD AND THE SECURITY

In the last decades of the past century, and especially manifested in the sole beginning of the new century, the old Monidailstic ideas have got new outlook and became ideology, theory and politics (plans) for conquering the world with new means, new methods and far more evident new force concealed in the presentation of the Globalization as a necessary and objective process. Today, the Globalization as a process and a force, is being conducted with all available contemporary economic, technology, media and military assets (especially), by the most powerful world forces, especially the USA as the only superpower, and it is being enforced to be applied as a strategy and a concept of the new world (re)order, i.e. domination over the world. Of course, they are trying to conceal this efforts, with the ideas of the Mondialism and the unavoidable Globalization of all world areas and all of the aspects of the human living, refusing to acknowledge the dark side of this process expressed through the repressive and authoritative way of its conduct in practice, by employing pure military force, terrorism and other means of enforcement, as well as the risks which are facing the modern society on social, ecological and security aspect.


***Key Words:*** *globalization, mondialization, new world order, force, repression, modern societies, hegemony, security.*